ШТЕДИЛНИЦА МОЖНОСТИ
Штедилница Можности ДОО Скопје, бул. Јане Сандански 111, 1000 Скопје, Р. Македонија, П. Фах 883
Тел.+389 2 2401 051 Факс.+389 2 2401 049 http://www.moznosti.com.mk e-mail: contact@moznosti.com.mk

# ПОЛИТИКА ЗА СИГУРНОСТ НА ИНФОРМАТИВНИОТ СИСТЕМ

Со оваа политика, Штедилница Можности ДОО Скопје го дефинира односот кон своите клиенти, партнери, договорни страни, законски и регулаторни тела, во контекст на сигурност на информативниот систем. Од сите вработени во Штедилница Можности, субјекти под договор и трети страни се очекува да се придржуваат до оваа политика.

Со посебен акцент, оваа политика ги опфаќа нашите релации со клиентите, нивните приватни податоци преку кои можат да се идентификуваат и се однесува на сите деловни единици на Штедилница Можности. Обезбедувањето на сигурноста на финансиските информации е наша најголема одговорност. Соодветно, вработените се авторизирани да пристапуваат до информациите само за деловни цели. Ваквиот начин на работа и кодексот на етичко однесување ги прави нашите вработени преку одговорни за доверливото ракување со информациите и подлежат на дисциплински мерки во случај на прекршување на пропишаните норми.

Единствениот содружник и раководството на Штедилница Можности, преку ваквата политика имаат за цел да ги сочуваат доверливоста, интегритетот и расположливоста на информациите, што е дел од целокупниот менаџмент систем и преку кои ги исполнуваат своите законски, правни и договорни обврски согласно со деловните побарувања и релевантните закони и регулативи.

Во рамките на оваа политика, штедилницата ги дефинира основите на процесот за управување со сигурноста на информативниот систем преку:

- стратегија за управување со идентификуваните ризици, преку воспоставување акциски план за обезбедување на сигурноста на информативниот систем;

- воспоставување годишен план за обука на вработените, за правилно користење на услугите коишто се достапни преку информативниот систем на штедилницата;

- управување со сигурносните инциденти и воспоставување на соодветен механизми за нивното идентификување, пријавување и ефикасно отстранување на можните закани по однос на сигурноста на информативниот систем;

- назначување на лице надлежно за работа на информатичката технологија чија што улога е утврдена во согласност со интерните процедури за работа и во согласност со усвоените акти од областа на управување со информатичката технологија и информативната сигурност;

- утврдување на улогата на внатрешната и надворешната ревизија од аспект на обезбедување сигурност на информативниот систем и нејзино тестирање;

- воспоставување на систем за управување на пристапот на крајните корисници на системот, којшто опфаќа процес на евидентирање, идентификација, следење на корисничките права на пристап, вклучувајќи го администраторскиот и далечинскиот пристап до ресурсите на информативниот систем;

- дефинирање на начинот на управување со измените во информативниот систем и управување со сигурносните надградби;

- дефинирање на начинот на воспоставување на планот за непрекинатост во извршувањето на деловните активности;

-дефинирање на начинот на воспоставување антивирусна заштита;

- дефинирање на начинот на телекомуникациско поврзување и обезбедување заштита на податоците коишто се трансферираат;
- дефинирање на сигурносни зони преку кои се ограничува физичкиот пристап до информациите и информативните средства;

- дефинирање на начинот на воспоставување дополнителни безбедносни механизми, како што се противпожарна заштита, заштита од поплава, системи за надзор, сензори и аларми;

- управување со заштитата на личните податоци во согласност со важечките прописи во Република Македонија;

- дефинирање на начинот на користење на услуги од надворешни лица за софтвер и хардвер и следење на нивниот квалитет.

Со цел обезбедување на соодветна сигурност на информативниот систем, безбедноста на клиентите, вработените и имотот на организацијата, имплементирани се низа на административни, технички и физички контроли.

Процесот на управување со сигурноста на информативниот систем претставува составен дел од Системот за управување со информациска сигурност во Штедилница Можности.

Сигурноста на информативниот систем на штедилницата се дефинира како исполнување на следниве критериуми:
- Доверливост: информативниот систем е достапен само за корисниците кои имаат овластен пристап до него;

- Интегритет: заштита на точноста и комплетноста на информативниот систем;

- Расположливост: непречен пристап до информативниот систем за овластените корисници.

Штедилница Можности со цел соодветно имплементирање на ваквата политика има воспоставено Одбор за информациска сигурност, кој одговара пред работоводниот орган и ги вклучува директорите на клучните сектори во штедилницата. Менаџментот активно ја поддржува сигуроста во организацијата, давајќи јасна насока, демонстрирајќи посветеност и експлицитно ги доделува и признава одговорностите поврзани со информациската сигурност.

Ваквата политика е предмет на континуиран, систематски преглед и подобрување, контроли, тестирање, откривање и отстранување на слабостите и заканите. Штедилницата има соодветни мерки за намалување на штетите вклучувајќи и планови за опоравување и заштитни копии на податоци на критичните записи, како и механизми за известување за случените или посомневаните инциденти.